РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Бр. 17-4822/3
01-06-2023 20 год.
СКОПЈЕ

Врз основ на Програма за работа на Дом на култура "Билјана Беличанец" за 2023 година (Сл.Гласник на Општина Кисела Вода бр. 01/2023), Општина Кисела Вода објавува

## ЈАВЕН ПОВИК
### за избор на најдобри музички бендови

Општина Кисела Вода во рамки на проектот „БИТКА НА БЕНДОВИ" од Програмата за работа на Дом на култура "Билјана Беличанец" за 2023 година, објавува јавен повик за пријавување на музички групи и бендови од општина Кисела Вода кои би имале свои изведби на отворено во централното подрачје на општината, во рамки на Културното лето 2023 година или роденденот на Општина Кисела Вода.
Овој проект има за цел културно заживување на духот на општината. Од музичките бендови се очекува да понудат атрактивна содржина и да ја надополнат и збогатат атмосферата на манифестацијата. Општина Кисела Вода се грижи за збогатувањето на културата на локално ниво и овој проект оди во насока на надополнување на случувањата кои се предвидени во програмата на Културното лето 2023 година и роденденот на Општина Кисела Вода.

Повикот е отворен од четврток (01.06.2023г.) и ќе трае заклучно со четврток (15.06.2023 г.). Клучните критериуми кои ќе бидат земени во предвид при изборот на најдобар музичките бенд се: нивото на техничката изведба и визуелната презентација. Изборот ќе го врши комисија формирана од Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

Наградата за најдобриот бенд ќе биде организација на посебен концерт во рамки на програмските активности на општината.
Пријавите да се доставуваат во архивата на општината во хартиена форма најдоцна до четврток (15.06.2023 г.) до 16 часот со назнака - "За избор на најдобри музички бендови"

За повеќе информации во однос на огласот и за деталите околу начинот на пријавување може да се обратите кај раководителот на Одделението за култура Даниела Костадинова, meil: daniela.kostadinova@kiselavoda.gov.mk, телефон:075/380-928